# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.6/2017
## 07.07.2017 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за одобрување на нефинансиски придонес на општина Неготино, ко-финансирање на проектот „Зелен Туризам‘‘**

Се објавува Одлуката за одобрување на нефинансиски придонес на општина Неготино, ко-финансирање на проектот „Зелен Туризам‘‘, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/1
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 06.07.2017 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

**За одобрување на нефинансиски придонес на општина Неготино, ко-финансирање на проектот „Зелен Туризам‘‘**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Неготино дава согласност за нефинансиски придонес – кофинансирање на подпроектот „Зелен Туризам‘‘ на Општина Неготино, како барател на финансиски средства од страна на канцеларијата на Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) , проекти финансирани преку Европската Унија и администриран преку Светска Банка.

Член 2

Подпроектот е аплициран преку повик објавен на ден 14.03.2017 година на интернет страна на канцеларијата на Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК).Подпроектот е дел од Компонента 3 – Иннвестиции во инфраструктура од областа на туризамот и поврзување во рамки на дестинациите.

Член 3

Ко-финасирање на проектот од страна на Општина Неготино ке биде во непаричен придонес со минимум 10 % од целокупната вредност на проектот.

Член 4

Деталната спецификација на непарично ко-финансирање ке биде дополнително утврдена по одобрување на проектот и потпишување на договор за грант од страна на двете договорни страни и истата ке биде проценета и потврдена од страна на лиценциран проценител.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино‘.

Бр.08-187/3
06.07.2017 година

Совет на Општина Неготино
Претседател
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 7, УБ 7.1 КО Неготино, општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 7, УБ 7.1 КО Неготино, општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/2
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 и 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09 ,124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14,), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 06.07.2017 година, донесе

# О Д Л У К А

## за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 7, УБ 7.1 КО Неготино, општина Неготино

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 7, УБ 7.1 КО Неготино, општина Неготино со плански период од 2015-2020 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог на Детален урбанистички план за дел од УЗ 7, УБ 7.1 КО Неготино, општина Неготино, со технички број 3069 од март 2017 година, изработен од „ Дизајн Центар Инженеринг “ ДООЕЛ – Кавадарци.

Член 3

Ова одлука стапува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-187/4
06.07.2017 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2017 година**

Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2017 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/3
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 20 од Законот за прсторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ„ бр. 199/14, 44/15 , 193/15, 31/16 и 163/16), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 79 став 1 точка 6 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата на одржана на ден 06.07.2017 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата**
**за изработка на урбанистички планови на просторот**
**на општина Неготино за 2017 година**

Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2017 година („Сл.ласник на општина Неготино“ бр.12/2016), се менува следното:

Во глава **2 – ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ, во табела 2.6 –Изработка на Општи Акти по редот 7 се додава нов ред и тоа:**

| | |
|---|---|
| 8 | Тимјаник |

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Неготино.

Бр.08-187/7
06.07.2017 година

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Советот на Општина Неготино**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2017 година**

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2017 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/4
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (″Службен весник на РМ″ бр.15/15, 98/15, 193/15, 31/16 и 142/16), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 06.07.2017 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2017 година**

Член 1

Во Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2017 година се менува следното:

Во глава 2 - Обем и преглед на градежното земјиште што е предмет на Програмата во точка 2.13:

УПВНМ Дуброво и Тремник , КО Дуброво и КО Тремник се додаваат следните градежни парцели

| Број на градежна парцела | ГП бр.1.4 | ГП бр.1.6 |
|---|---|---|
| вкупна површина во м2 | 15.353,оо | 54.000,оо |
| Намена на земјиште (основна класа) | Г2 – лесна и незагадувачка индустрија | Г2 – лесна и незагадувачка индустрија |
| Намена на земјиште опис | Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г3, Г4 | Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г3, Г4 |
| броеви на катастарските парцели во состав на градежна парцела КП број | //////// | //////// |
| Површина на градба | 6.000,оо | 27.000,оо |
| Бруто развиена површина | 6.000,оо | 81.000,оо |
| Процент на изграденост | 40% | 50% |
| коефициент на искористеност на земјиштето | 0.39% | 1.5% |

| | | |
|---|---|---|
| максимална дозволена висина | 12 м | не се утврдува |
| Катност | П | П+2 |
| Почетна/утврдена цена по м2 во мкд | 61,оо | 61,оо |
| Вкупна цена во мкд | 936.533,оо | 3.294.000,оо |

| **Урбанистички план** | **денари** |
|---|---|
| 2.1 Детален урбанистички план за УЗ 3.1 | 1.741.480,00 |
| 2.2 Детален урбанистички план за Урбана заедница 5 и Урбан блок 5.1 | 1.661.712 ,00 |
| 2.3 Детален урбанистички план за град Неготино | 28.182,00 |
| 2.4 УПВНМ за дел од КП 330, м.в. Црно Поле , КО Црвени Брегови | 750.300,00 |
| 2.5 УПВНМ за КП 1751 –дел КО Неготино Општина Неготино | 458.049,00 |
| 2.6 УПВНМ за дел од КП 680 КО Курија Општина Неготино | 1.155.950,00 |

Член 2

Во точка 5 табеларниот преглед се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| 2.7 УПВНМ за КП 648 КО Курија, Општина Неготино | 528.260,00 |
| 2.8 УПВНМ м.в.Раткин Дол за изградба на сончеви фотоволтаични централи на дел од кп 1086/1, КО Неготино | 295.301,00 |
| 2.9 Детален урбанистички план за УЗ 8 | 42.639,00 |
| 2.10 УПВНМ за стопански комплекс за изградба на сепаратно построение и погон во м.в. „Ливадиште“ КО Криволак | 1.094.218,00 |
| 2.11 ДУП за УЗ 6 дел од УБ 6.2 и УЗ 7 дел од УБ 7.3 | 795.982,00 |
| 2.12 ДУП за УЗ 4.3 Неготино | 457.100,00 |
| 2.13 УПВНМ Дуброво и Тремник, КО Дуброво и КО Тремник | 43.953.733,00 |
| Општина Неготино 80% | 42.370.324,00 ден. |
| Република Македонија 20% | 10.590.780,00 ден. |

Член 3

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-187/8
06.07.2017 година

**Претседател на Советот**
**на општина Неготино**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност на Одлуката бр.02-312/3 од 03.04.2017 година на Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за цените на услугите во СРЦ МЛАДОСТ Неготино**

Се објавува Решението за давање согласност на Одлуката бр.02-312/3 од 03.04.2017 година на Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за цените на услугите во СРЦ МЛАДОСТ Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/5
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.07.2017 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Одлуката бр.02-312/3 од 03.04.2017 година на Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за цените на услугите во СРЦ МЛАДОСТ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Одлуката бр.02-312/3 од 03.04.2017 година на Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за цените на услугите во СРЦ МЛАДОСТ Неготино.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-187/11
06.07.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност на Планот за вработување за 2018 година на Локалната библотека „ Страшо Пинцур„ Неготино**

Се објавува Решението за давање согласност на Планот за вработување за 2018 година на Локалната библотека „ Страшо Пинџур„ Неготино, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/6
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.07.2017 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на Локалната библотека „ Страшо Пинџур„ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на Локалната библотека „ Страшо Пинџур„ Неготино со бр.03-37/1 од 31.03.2017 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-187/10
06.07.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Позитивно мислење по Програмата за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Општинското основно училиште „ Страшо Пинџур“ Неготино за учебната 2016/2017 година**

Се објавува Позитивното мислење по Програмата за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Општинското основно училиште „ Страшо Пинџур“ Неготино за учебната 2016/2017 година, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/7
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) и член 7 од Правилникот бр.10-4061/1 од 01.11.2010 година донесен од Министерот за образование и наука за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.07.2017 година го усвои следното

**М И С Л Е Њ Е**

1.Советот на општина Неготино дава позитивно мислење по однос на Програмата бр.03-104/1/1 од 16.03.2017 година за изведување на екскурзии во Основното општинско училиште „Страшо Пинџур„ Неготино за учебната 2016/2017 година.

2. Ова мислење влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-187/9
06.07.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбана заедница 5,Урбан блок 5.1, помеѓу улиците „Браќа Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „ Фемо Кулаков“ и „ 8 ми Ноември“, општина Неготино**

Се објавува Одлуката за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбана заедница 5,Урбан блок 5.1, помеѓу улиците „Браќа Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „ Фемо Кулаков“ и „ 8 ми Ноември“, општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/8
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 39 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( ,,Сл.весник на РМ,, бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 06.07.2017 година, донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план урбана заедница 5 урбан блок 5.1, помеѓу улиците "Браќа Миладиновци", „Јован Димитров“, “Тимјаничка“, "Фемо Кулаков" и „8 Ноември“, Општина Неготино**

Член 1

Се донесува одлука за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за урбана заедница 5 урбан блок 5.1, помеѓу улиците "Браќа Миладиновци", „Јован Димитров“, “Тимјаничка“, "Фемо Кулаков" и „8 Ноември“, Општина Неготино, со плански период од 2016-2021 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е графичкиот прилог на измена и дополна на Детален урбанистички план за урбана заедница 5 урбан блок 5.1, помеѓу улиците "Браќа Миладиновци", „Јован Димитров“, “Тимјаничка“, "Фемо Кулаков" и „8 Ноември“, Општина Неготино, со технички број 04-96/2016 од март 2017 година, изработен од ТДПИГК „ПАРАМЕТАР “ ДООЕЛ – Скопје.

Член 3

Ова одлука стапува во сила со денот на усвојувањето, а ќе биде објавена во ,,Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-187/13
06.07.2017 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација**

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.07.2017 година.

Бр.09_196/9
07.07.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 06/11), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 06.07.2017 година, донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација**

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да

се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **3332** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект со намена Викенд куќа (според геодетски елаборат бр. 0713/115 од 26.01.2016 година).

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **8990/1** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со бр.2, 3 и 4 со намена домување (според геодетски елаборат бр. 0803/1080-2 од 20.10.2016 година).

Член 4

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **8993** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со бр.1 и бр. 2 со намена домување (според геодетски елаборат бр. 0703/417 од 31.10.2013 година).

Член 5

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **9097/1** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со бр.1 и бр. 2 со намена домување (според геодетски елаборат бр. 0703/334 од 25.11.2015 година).

Член 6

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за КП **9346** КО Неготино – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изградени објекти со бр. 1 и бр. 2 со намена домување (според геодетски елаборат бр. 0803/283 од 14.11.2016 година).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино“.

Бр.08-187/14
06.07.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 6/2017


1. Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на нефинансиски придонес на општина Неготино, ко-финансирање на проектот „Зелен Туризам‘‘ Стр.1
2. Одлука за одобрување на нефинансиски придонес на општина Неготино, ко-финансирање на проектот „Зелен Туризам‘‘ Стр.2
3. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 7, УБ 7.1 КО Неготино, општина Неготино Стр.3
4. Одлука за утврдување на Детален урбанистички план за дел од УЗ 7, УБ 7.1 КО Неготино, општина Неготино Стр.4
5. Заклучок за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2017 година Стр.5
6. Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2017 година Стр.6
7. Заклучок за објавување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2017 година Стр.7
8. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Неготино за 2017 година Стр.8-10
9. Заклучок за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката бр.02-312/3 од 03.04.2017 година на Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за цените на услугите во СРЦ МЛАДОСТ Неготино Стр.11
10. Решение за давање согласност на Одлуката бр.02-312/3 од 03.04.2017 година на Управниот одбор на ЈП КОМУНАЛЕЦ Неготино за цените на услугите во СРЦ МЛАДОСТ Неготино Стр.12

11. Заклучок за објавување на Решението за давање согласност на Планот за вработување за 2018 година на Локалната библиотека „ Страшо Пинџур„ Неготино Стр.13
12. Решение за давање согласност на Планот за вработување за 2018 година на Локалната библиотека „ Страшо Пинџур„ Неготино Стр.14
13. Заклучок за објавување на Позитивното мислење по Програмата за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Општинското основно училиште „ Страшо Пинџур“ Неготино за учебната 2016/2017 година Стр.15
14. Позитивно мислење по Програмата за организирање и реализирање на екскурзии и други слободни активности во Општинското основно училиште „ Страшо Пинџур“ Неготино за учебната 2016/2017 година Стр.16
15. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбана заедница 5,Урбан блок 5.1, помеѓу улиците „Браќа Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „ Фемо Кулаков“ и „ 8 ми Ноември“, општина Неготино Стр.17
16. Одлука за утврдување на измена и дополна на Детален урбанистички план за Урбана заедница 5,Урбан блок 5.1, помеѓу улиците „Браќа Миладиновци“, „Јован Димитров“, „Тимјаничка“, „ Фемо Кулаков“ и „ 8 ми Ноември“, општина Неготино Стр.18
17. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација Стр.19
18. Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка планска документација Стр.19-20